*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 13<br>6 декември 2010 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLVII |
|---|---|---|

416.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ТРЕТИОТ КВАРТАЛ ЗА 2010 ГОДИНА
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.09.2010 ГОДИНА

I

Се објавува Решението за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за третиот квартал за 2010 година за период од 01.01.до 30.09.2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6780/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

417.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ТРЕТИОТ КВАРТАЛ ЗА 2010 ГОДИНА
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.09.2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за третиот квартал за 2010 година за период од 01.01.до 30.09.2010 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6780/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

418.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА
ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6781/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

419.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 43 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2010 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2010 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма потставка | | буџет | самоф. | донации | дотации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **Основно образование** | | | | | |
| 401130 | Основни плати-други вработени | 0 | 0 | 0 | - 194.000 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | -29.000 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | -71.000 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | -42.000 | 0 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | -27.000 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 0 | 213.000 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N20** | **Средно образование** | | | | | |
| 401130 | Основни плати-други вработени | 0 | 0 | 0 | - 196.000 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | -34.000 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | -102.000 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | -32.000 | 0 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 0 | 0 | -27.000 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | 391.000 | 0 |
| **V10** | **Детски градинки** | | | | | |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 430.000 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | -400.000 | 0 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенцијата за Вработување | 0 | 0 | 0 | -30.000 | 0 |
| **W00** | **Противпожарна заштита** | | | | | |
| 401130 | Основни плати-други вработени | 0 | 0 | 0 | -77.000 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | -124.000 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 201.000 | 0 |
| EOO | **Општинска администрација** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | -350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| DOO | **Градоначалник** | | | | | |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2010 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6781/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

420.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА
НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД
НАСЕЛБА „ДУЗЛАК“ ДЕЛ ОД УЕ 105/4,5ХА
ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Дузлак“ дел од УЕ 105 (4,5 ха) Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6782/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

421.

Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09 I 124/10) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА „ДУЗЛАК“ ДЕЛ ОД УЕ 105/4,5ХА
ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од населба „Дузлак“ дел од УЕ 105 опфат 4,5ха Општина Штип според урбанистичка документација изготвена од ЈП „Штип-проект“-Штип со технички број 09/2010.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- Стручно мислење број 10-5762/3 од 28.10.2010 година од Комисијата за давање мислење по нацрт-плановите.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6782/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

422.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТОТАКСИ ПРЕВОЗ
НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за автотакси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6783/2 | Општина Штип
6 декември 2010 година | Градоначалник
Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р.

423.

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ број 68/04, 127/06, 114/09 и 83/10) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА АВТОТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за автотакси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 06/07, 20/07 и 06/10) во член 2 став 2 во табелата во реден број 14 зборовите „ул. Јајце“ се заменуваат со зборовите „ул. Лески“.

Член 2

Во член 9 се менува и гласи:

„Возилата со кои се врши автотакси превоз на патници се со бела боја, а предниот и задниот капак (хауба и гепек) се со жолта боја со каталошки број 5R.

На предните бочни страни на возилото со црна боја е испишано името на автотакси компанијата и бројот од регистарот на авто-такси превозниците.

На покривот од возилото се истакнува светлечка ознака „TAXI“ која мора да биде осветлена кога возилото е слободно за возење.“

Член 3

Во член 15 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„Превозниците кои вршат автотакси превоз на патници и имаат важечка лиценца, треба да ја усогласат бојата на возилата во рок од 9 (девет) месеци од денот на влегување во сила на оваа одлука.

За превозниците на кои лиценцата не им е продолжена и превозниците кои за прв пат поднесуваа барање за издавање лиценца за вршење автотакси превоз, одредбата од член 2 на оваа одлука важи од денот на влегување во сила на оваа Одлука“.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6783/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

424.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА
АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „БАРГАЛА“

I

Се објавува Одлуката за финансиско учество за обезбедување на археолошкиот локалитет „Баргала“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6784/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

425.

Врз основа на член 21 точка 25 и 26 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА
АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „БАРГАЛА“

Член 1

Општина Штип ќе учествува со финансиски средства во месечен износ од 7.220,00 денари за обезбедување на археолошкиот локалитет „Баргала“, за буџетската 2011 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се уплаќаат на сметка на Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип.

Заводот ќе биде координатор на обезбедувањето на локалитетот „Баргала“ помеѓу учесниците Општина Штип, Општина Карбинци и Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип.

Член 3

Договорните страни ќе склучат договор со кој ќе се утврдат обврските и одговорноста на секоја договорна страна.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-6784/1 | Совет на Општина Штип
30 ноември 2010 година | Претседател
Ш т и п | Сузана Николовска, с. р.

426.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА

I

Се објавува Одлуката за преотстапување на противпожарни возила.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6785/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

427.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Општина Штип, без надомест, на Општина Македонска Каменица ги преотстапува следните противпожарни возила:

- противпожарно возило марка „мерцедес бенз“, тип 328.10 (LA911/42N), број на шасијата LA91142N/328102 12 037139, број на моторот 352911 10 017088, година на производство 1967, сила на моторот во KW (KS) 81 kw, работна зафатнина на моторот во см$^3$ 5675, маса на празно возило во кг 5.800, дозволена носивост во кг (само за товарни возила) 3.200, места за седење 3, форма или намена на каросеријата цистерна, боја на каросеријата црвена 74.
- специјално возило марка „фап“, тип VP-5000/300, боја на шасијата 367.003.12.003535, број на моторот OM-367.910.10.004829, година на производството 1986, сила на моторот во KW (KS) 96, дозволена носивост во

кг (само за товарни возила) 3.000, места за седење 3, форма или намена на каросеријата противпожарно возило, боја на каросеријата црвена 74.

Член 2

Општина Штип ќе ги предаде возилата опишани во член 1 на оваа Одлука на Општина Македонска Каменица откако Владата на Република Македонија ќе додели две противпожарни возила на Општина Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 0701-6785/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

428.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ОДБОРИ И НИВНО УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ – Штип за аплицирање во програмата за зајакнување на капацитетите на училишните одбори и нивно учество во процесот на реновирање на училиштата.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6786/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

429.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА
ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ВО ПРОГРАМАТА
ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ОДБОРИ
И НИВНО УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА

Член 1

Се дава согласност на училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ – Штип за аплицирање во Програмата за зајакнување на капацитетите на училишните одбори и нивно учество во процесот на реновирање на училиштата, кој ќе се спроведе од октомври 2010 година до јуни 2011 година од страна на УСАИД/ПЕП.

Општина Штип ќе учествува со минимум 10% од вкупните трошоци за реализација на проектот.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6786/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

430.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ
НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПО ПОВОД
3$^{ТИ}$ ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН
НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства по повод 3$^{ти}$ декември – меѓународниот ден на лицата со посебни потреби.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6787/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

431.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ПО ПОВОД 3$^{ТИ}$ ДЕКЕМВРИ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН
НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Член 1

По повод 3$^{ти}$ декември – меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, се доделуваат средства во износ од 6.000,00, на:

1. Посебните паралелки во ООУ „Ванчо Прке“ - Штип
2. ДСУ „Искра“ - Штип
3. Дневен центар за деца со посебни потреби - Штип.

Во висина на предвидениот износ, на институциите наведени во ставот 1, ќе се додели дидактички материјал, играчки или техничка стока, согласно нивните потреби.

Член 2

Средствата од став 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2010 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6787/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

432.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА ПРОГРАМАТА „РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ“
ВО УЧЕБНАТА 2010/2011 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за реализација на Програмата за „Ран детски развој“ во учебната 2010/2011 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6788/2
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

433.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
## „РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ“ ВО УЧЕБНАТА 2010/2011 ГОДИНА

### Член 1

За реализација на Програмата „Ран детски развој“ во учебната 2010/2011 година, Општина Штип ќе обезбеди 82.400,00 денари.

Средствата од став 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од буџетот на Општина Штип за 2010 и 2011 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6788/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

434.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА
## НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА
## НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011 ГОДИНА

### I

Се објавува Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2011 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6789/2
6 декември 2010 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

435.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05,24/08, 91/09 и 124/10) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесувањето на просторните и урбанистички планови („Службен весник на РМ“ број 78/06), како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општината Штип “ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изработка на урбанистички планови на територијата на
Општина Штип за 2011 година

Член 1

**Програмски задачи финансирани од средства од буџетот на Општина Штип**:

1. Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Сењак 3“ урбанистичка единица 35, опфат и помеѓу улиците „Борис Крајгер“, „Панче Караѓозов“, „Сремски фронт“ и новопроектираната улица по долот.

   М=1:1000
   П=12,00ха

2. Изработка на измени и дополнување на ДУП за населба ,,Ново Село“ дел од урбана единица 89 и 90 со опфат на улиците ,,Кежовица”, ,,Крсте Мисирков “, ,,Димитар Влахов”, „Милојкова“ и „Никола Карев“ .

   М-1 :1000
   П=15,00ха

3. Изработка на измени и дополнување на ДУП за населба ,,Исар".

   М-1 :1000

   П=10,00ха

4. Изработка на ДУП за с. Караорман.

   М-1 :1000

   П=25,00ха

5. Изработка на ДУП за населба „Јужен реон".

   М-1 :1000

   П=20,00ха

6. Изработка на ДУП (измена и дополнување) за населба „Сењак 1", опфат помеѓу улиците „Солидарност", „Петта партиска конференција" и „Сремски фронт".

   М-1 :1000

   П=10,00ха

7. Ревизија на ДУП за СРЦ „Брегалница".

   М-1 :1000

   П=5,00ха

8. Изработка на ДУП (измена и дополнување) на дел од „Бело Брдо", дел од УЕ 2, опфат меѓу улиците „Маршал Тито", „Стојан Рибата", „Сутјеска", "Трст " и „Славчо Стојменски".

   М-1 :1000

   П=6,00ха

9. Изработка на измена и дополнување на ДУП на дел од МЗ број 2 „Бело Брдо" (населба „Пролет") Општина Штип.

   М-1 :1000

   П=5,00ха

10. Изработка на ГУП за град Штип.

    М-1 :5000

    П=2042,00ха

11. Изработка на Програма за времени објекти на територијата на Општина Штип.

12. Изработка на измена и дополнување на ДУП за градски гробишта.

М-1 :1000
П=2,00ха

**Урбанистички планови кој ќе се финансираат од страна на заинтересирани страни инвеститори**:

13. Изработка на локална урбанистичка планска документација - континуирано.

За извршување на овие ново предвидени задачи за урбанистичко планирање како и тековните се потребни финансиски средства во висина до 6.000.000,00 денари. Од овие средства не се смета финансирањето на ГУП на Штип, за чие инвестирање ќе се аплицира до Владата на РМ, бидејќи тоа е наше право што ни го дава Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Број 0701-6789/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

436.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА
ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА МЛАДИ – ШТИП
ВО 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за донесување на Програма за работа на Дом на млади – Штип во 2011 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6790/3
6 декември 2010 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

437.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 30 ноември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА ДОМ НА МЛАДИ-ШТИП
ВО 2011 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Програмата за работа на Домот на млади-Штип во 2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-6790/1
30 ноември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

438.

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА ДОМ НА МЛАДИ ШТИП
ВО 2011 ГОДИНА

Штип, е економски, универзитетски и културен центар на Источна Македонија кој денес се соочува со нови предизвици во решавањето на „културните” потреби на младите, па оттаму и улогата и местото на Домот на младите-Штип, како институционална форма и активности во дадениот општествен момент. Уверени во ставот дека младите се значајни носители на промените во

заедницата, Домот на младите си постави за цел да ја поттикне активната организирана партиципација на младите во градењето на локалната и општа културна политика низ две форми: 1. Преку директно вклучување во организирани форми (млад. фолклор, ликовно студио, реализирање на отворени проекти, учество во планирање на програми и др.) и 2. Преку посредување, соработка и размена на културни програми со младите од други региони во Македонија и странство. Уметничкото ангажирање на младите во Штип како и културната соработка и размена ќе придонесе кон динамиката на културни активности на младите и развој на нови иницијативи за културна експресија во форма на видливи акции. Ваквата платформа веруваме дека ќе ја зајакне визијата на младите за урбано, европско живеење во нашиот град и Република Македонија.

Програмата на Домот на младите Штип во 2011 година ќе се реализира преку следните форми и проекти: 1.МЛАДИНСКИ ФОЛКЛОР, 2. ЛИКОВНО СТУДИО, 3. НЕЗАВИСНИ ПРОЕКТИ, 4.ПОП ФЕСТ - 2011 – ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ, 5. PHOTO SESSION, 6. ВЕБСТРАНИЦА, 7."Св.40 ", 8.ПОЕТСКИ ВЕЧЕРИ, 9. ЛИКОВЕН КРУГ, 10.РЕЦИТАТОРСКИ СРЕДБИ И КОНКУРСИ 11.ШТИПСКА МУЗИЧКА РАЗГЛЕДНИЦА, 12. АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ, 13. ТЕАТАРСКА РАБОТИЛНИЦА, 14. НЕ, БЛАГОДАРАМ!, 15.ПОЕТСКИ ТЕАТАР, 16.ROCK AT MIDNIGHT, 17. ШКЛ, 18. КОНЦЕРТНА АКТИВНОСТ , 19. АСТИБО ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ, 20.СОПСТВЕНА ПРОДУКЦИЈА, 21. МАКФЕСТ – ФЕСТИВАЛ НА ЗАБАВНА МУЗИКА.

1. МЛАДИНСКИ ФОЛКЛОР

КУД Ристо Донев работи од месец септември, 2008 година, а во него членуваат 50 - тина младина возраст од шест до 27 години. Зачувување и негување на традициите претставува значаен сегмент од културниот и национален идентитет, па оттаму и интересот на Домот за вклопување во општите напори на целокупното македонско општество на тој план. Примарна цел е запознавање на младите со народни обичаи, игри, инструменти и дружење да се влијае и подржи културната и етно самосвест, а целна група се школската популација. Се планираат повеќе настапи на разни локации (бавчата на Домот, Исарот, градскиот плоштад, како И разни локации по повод разни празници. Со фолклорот работи Милена Ристова Михајловска, искусен ентузијаст и фолклорен педагог. Во зимските месеци пробите се одржуваат во основното училиште В. Прке.

2. ЛИКОВНО СТУДИО

Ликовниот клуб при Домот овозможува едукација на љубителите на ликовната уметност,преку запознавање на основите на класично цртање и сликање, а со тоа и изразување на сопствениот креативен потенцијал и стварање

на простор и избор за квалитетно исполнување на слободното време на младите како и подготовка на талентирани ученици кои се спремаат за упис на Факултетот за ликовни уметности. Со ликовното студио работи академскиот сликар Никола Панев.

3. НЕЗАВИСНИ ПРОЕКТИ

Ова претставува нова форма на интерактивна работа на Домот, но позната во Европа. Се состои во анимирање на млади преку повик за понуда на сопствени самостојни мали проекти кои би се реализирале со помош и логистика на Домот, а се однесуват на области актуелни во опкружувањето и реалниот живот на младите ( уметност, екологија, мултимедија, системи, забава и сл.)

4. ПОП ФЕСТ "ЧУНГА ЛУНГА"

Во месец јануари ќе биде распишан конкурс за изведувачи и автори за ПОП ФЕСТ ЧУНГА ЛУНГА ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ. Фестивалот се реализира во соработка со МАКПРОМЕТ кој е генерален покровител. Реализацијјата ќе биде во соработка со надворешни соработници, а во целиот проект ќе бидат вклучени околу 20 - тина млади музичари, сценски реализатори, стилисти жонглери и др. Фестивалот ќе се одржи при крајот на месец мај, а оваа година е обезбеден директен пренос на една национална телевизија.

5. PHOTO SESSION

Документирање и фото сесии на концертната активност во Домот ќе бидат главниот мотив на овој проект кој ќе резултира со изложба и проекција на краток документарен филм. Овие фото сејшни ќе се реализираат со екипа на млади ентузијасти синеасти и љубители на фотографијата со наративен подконтекст.

6. ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА

Интернет страницата на Домот на младите постои и функционира од 2007 година. На нејзе се поместени историјатот и реализирани активности од формирањето до денес, а со тоа и транспарентност и можност за интерактивен однос со потенцијалните корисници на услуги на Домот на млади адреса: www.domnamladi .com

7. „40"

Традиционална манифестација што ја организира Домот веќе 20-тина година, посветена на денот на пролетта, екологијата и празникот Св. 40 Маченици. Програмата почнува на пладне, а завршува на полноќ (12 часа), со учество на КУД -

ви, ансамбли на народни инструменти, солисти и фолклорни групи, а во вечерните часови продолжува со рок жур ка и настап на ди - џеи.

## 8. ПОЕТСКИ ВЕЧЕРИ

Оваа година ќе биде шеста по ред како се одржува оваа манифестација, веќе традиционално, а досегашното искуство а покажаниот интерес на посетителите и учесниците ни даваат за право "Вечерите" да ги вброиме во традиционална манифестација, земајќи го во предвид и фактот дека овој вид на творештво не е доволно застапен, а претставува провокација за училишната популација. И оваа година ПВ ќе се реализираат три д ена : 1. вечер - настап на млади поети, ученици во основните и средни училишта. 2.вечер - настап на членовите на ЛК Искра, и 3. вечер - вечер на поетот, промоција и настап посветени на добитникот на наградата Браќа Миладиновци, доделена на Струшките вечери на поезијата во 2011. година.

## 9. ЛИКОВЕН КРУГ

Во 2011 година Домот планира да реализира неколку изложби на академски сликари, скулптури и инсталации, уметничка фотографија при тоа промовирајќи неспецифични и алтернативни изложбени простори (библиотека Г. Делчев, Дом на млади, предворјето и внатрешноста на градската Саат кула).

## 10. РЕЦИТАТОРСКИ СРЕДБИ И КОНКУРСИ

Во првата половина на месец Април ќе бидат реализирани рецитаторски средби со учество на ученици од основните и средни училишта. Во рамките на литературните активности ќе биде распишан награден конкурс, организирана промоција на нови изданија на млади или познати автори замислени како: Средба со авторот.

## 11. ШТИПСКА МУЗИЧКА РАЗГЛЕДНИЦА

Претставува алтернативна форма на некогашното дружење меѓу младите, или пак поранешните серенади, со цел зачувување на традицијата на почитување и негување на музички форми кои останале во меморијата на позитивно сеќавање на минатото, за што сведочи прифатеноста и популарноста на оваа манифестација кај младите а и постари штипјани. Настапуваат некогашни и сегашни музичари, солисти, групи и хорови , а се застапени сите жанрови на музиката.

## 12. АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ЗАЕДИЦИТЕ

PAF DADDY - Клуб за дружење, со цел преку музички форми да се иницира еманципација и вклопување на младите Роми во сегментите на живеење на младите во градот и интеграција во граѓанската заедница. Клубот традиционално работи во соработка со Здружението на роми "Черење" - Штип, и други млади ентузијасти и соработници на Домот.

13. ТЕАТАРСКА РАБОТИЛНИЦА

Во 2011 година, Домот планира да работи театарската работилница и да биде реализирана една - две претстави при што ќе бидат анимирани 15 - 20 ученици од средните училишта. Претставата би се играла во Домот на млади или слични алтернативни простори, со цел на пролет да се настапи на фестивалот на Аматерски драмски смотри. Со работилницата ќе работи Никола Ристов, млад невработен дипломиран режисер.

14. НЕ, БЛАГОДАРАМ

Овој проект е замислен како серија на предавања, разговори и дебатни средби меѓу школската младина, од една страна и ЗЗЗ - Штип, НВО, Медицинскиот центар - Штип во запознавање со штетните последици од употреба на дроги, алкохол, цигари и небезбеден секс. Овој серијал ќе се реализира во соработка со основните и средни училишта.

15. ПОЕТСКИ ТЕАТАР

Пред неколку години започна во експериментална форма да работи и да се негува оваа литературна форма, како предизвик за обновување на поетски театар во Штип. Подразбира вклучување на ученици од основните и средни училишта, љубители на убавата реч, со реализација на неколку рецитали и музичко-поетски вечери.

16. ROCK AT MIDNIGHT

Традиционална музичка сцена, по која е познат Домот на млади Штип, и оваа година ќе биде место каде ќе можат да се претставaт млади групи од Штип и од другите градови на Македонија. Во 2011. год. планираме да се реализираат 20-тина концерти на групи кои реализирале ЦД-а, или се пред реализација. Можноста за избор во понудата е релевантен фактор кој денес се рефлектира во градењето на критериуми и естетско насочување на младите кон вистински вредности.

17. ШКЛ

Домот на младите секоја година традиционално учествува во реализација на Штипско културно лето, со посебна програма, во координација со другите културни институции во градот, покривајќи го интересот на младите штипјани и пак промовирајќи алтернативни простори (Безистен, холот на трговскиот центар, Исарот, паркот Бриони и др.)

## 18. КОНЦЕРТНА ДЕЈНОСТ

